## ПРОЕКТИ 2006/ 2007

Полека минува и оваа 2006/2007 работна година, а ние сме и повеќе од горди со тоа што го постигнавме. Ние создадовме и успеавме да оставиме трага, а вие ни покажавте дека и нашите најголеми соништа можат да бидат наша перфектна реалност. Ова што сега ние ви го раскажуваме ни покажува дека нема врв кој не можеме да го освоиме, а на тој освоен врв постои само сон кој може да стане реалност за многу срца кои понатаму ќе продолжат да ја движат оваа приказна...

Па еве ја нашата приказна прераскажана преку проектите кои ги создававме со многу труд и уште поголема желба да помогнеме некому.

Слушнете ја, најдете ја вистинската порака на оние кои што сакаат да ја слушнат. Па...3, 2, 1... почнуваме...

**1**. ООЦК Кисела Вода - Скопје

***Собирање на облека за деца со посебни потреби***

ДИСИМИНАТОР: Надица Бошковска
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Дејан Лазароски, Бобан Цимбировски, Васко Таневски, Кристијан Николовски, Игор Иванов

Со самото име на проектот членовите на оваа група ја дефинирале самата цел. Собраната облека ја донирале во училиште за деца со специјални потреби ,,ЗЛАТЕН СРЕМЕЦ,,.Собраната облека најпрвин беше грижливо подготвена, а потоа донирана на оние за кои им била наменета со цел повеќе да ги усреќи нивните лица. Поради успешната реализација на проектот истиот беше оценет со 4.

**2**. ООЦК Дебар

***Испружи ја раката за да спасиш живот***

ДИСЕМИНАТОР: Резарт Руси
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Ќендреса Села-лидер, Мјелма Дибра, Фатјона Села, Шега Еребара, Афрона Чиче

Членовите на групата инспирирани од секојдневните проблеми на болните и нивното обезбедување со потребните лекарства се одлучиле да организираат и спроведат хуманитарна акција со која ќе им помогнат на болните од хемодијализа. По посетата која ја извршиле во болницата за да се запознаат подобро со начинот на кој би ја извршиле помошта, се договориле да им помогнат на десет болни на кои би им обезбедиле лекарства за период од една година. Што претставува проект со поширoко значење за заедницата. Оваа акција траела две недели од 07-24 Април и со неа постигнале успешни резултети. Собрале парични средства во вредност од 350 евра. Овај проект е оценет со 5+++

3. ООЦК Делчево

***Да помогнеме- па можеме и ние***

ДИСЕМИНАТОР: Весна Димитровска
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Љупка Јовановска, Ана Марија Спасовска, Симона Јовановска, Емилија Николовска, Ирена Јованоска

Знаејќи дека на многумина им треба помош, сепак членовите на оваа група се одлучиле да му ја дадат на оној на кој животот само што му започнал и на кој потребна му е само една искра која ќе го воведе во вистинскиот свет. Помошта била насочена кон 9 годишно девојче болно од церебрална парализа. Особено важно за оваа група е тоа што за да ја остварат својата цел тие спровеле не само една, туку повеќе акции. Не штедејќи го својот труд тие органиризирале Велигденска забава и театарска претстава. За пофалба кај овие младинци е тоа што успешно ја реализирале својата цел, односно ја запалиле долго очекуваната искра на деведгодишното девојче . Поради тоа проектот е оценет со 5++++ со ☺

4. ООЦК Куманово

***Култура, обичаи и традиција- пат до хуманоста***

ДИСИМИНАТОР: Добринка Стојановиќ, Наџат Абдулаху
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Емилија Додевска, Елвира Зимбери, Биљана Георгиовска, Зимер Јашати, Ангела Горевска,Ердион Авдиц

Инспирирани од хуманоста и од желбата да помогнат преку бура на идеи младинците го лоцирале најголемиот проблем во градот и своето внимание го насочиле кон градската болница во Куманово. За реализација на нивната идеја организирале културно-забавна вечер во која имало презентација на македонската и албанската култура, обичаи и традиција. Собрани се 20 000 денари со кои се купени потребните ќебиња и се донирани во болницата на која навистина и биле потребни. Проектот е оценет со 5-.

5. ООЦК Кавадарци

**Помош за деца со посебни потреби од специалниот завод во Демир Капија**

ДИСЕМИНАТОР: Илинка Гичева
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Винарова Андријана, Крстев Трајан, Митрева Радица, Ѓурѓиева Ирена

Младинците на Црвениот Крст- Кавадарци изготвија хуманитарна акција за собирање парични средства, облека, лекарства и храна за децата со посебни потреби во специјалниот завод во Демир Капија. Со оваа акција беше постигнато она што беше поставено како цел на почетокот, односно пружање помош на 330 штитеници во заводот. Овој проект е оценет со 4++.

6. ООЦК Демир Хисар

**Помош на социално загрозени лица со интелектуална попреченост**

ДИСЕМИНАТОР: Наташа Стојановска
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Сандра Кокоровска, Маја Норбевска, Антонијо Павлевски, Марија Сивеска, Марија Кочовска

Целната група на овој проект лицата со пречки во развојот во околните села од Демир Хисар. Младинците на ЦК од оваа општина организираа хуманитарна забава за собирање парични средства за да им помогнат на посочените лица. Овој проект е успешно реализиран и целта која е поставена на почетокот е остварена. Беа собрани 10 000 денари со кои беа купени средства за лична хигиена, прехрамбени продукти и постелнина, кои беа распоредени во 6 пакети. Собраните средства овозможија да се зголеми насмевката на оние на кои им беа врачени. Проектот беше оценет со 4+.

7. ООЦК Кичево

***Хуманоста-најголема човечка способност***

ДИСЕМИНАТОР: Валдете Адили, Валентина Спиридоновска
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Лиридона Цуцули, Осман Балажи, Саранда Нуредини, Дритан Џамбази, Љатиф Ајре, Љуљзон Изери, Леутрим Зеќири

Младинците на ЦК Кичево поттикнати од голем број на хуманитарни случувања изведоа акција со која им помогнаа на голем број на деца со посебни потреби на кои им е потребна помош од општинската организација. Начинот на кој одлучија да ја спроведат оваа акција е организирање на хуманитарен концерт во кој учествуваа познати пејачи. Подигнаа голема врева со запознавањето на граѓаните за нивните активности како и за хуманитарниот концерт кој тие го организираа. Голем број луѓе присуствуваа на концертот и донираа парични средства кои овозможија реализација на замислената идеја и остварување на главната цел - да им се помогне на децата со посебни потреби. Со организација на овој концерт беа собрани 5 000 денари, кои потоа беа донирани во дневниот центар за лица со посебни потреби во Кичево. Овој проект е оценет со 5+.

8. ООЦК Демир Хисар

***Велигден за секого***

ДИСЕМИНАТОР: Наташа Станојовска
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Маја Чорбевска, Марија Сивевска, Сандра Коревска, Антонија Павловска

Овие младинци со желба да ги израдуваат пациентите во психијатриската болница во Демир Хисар за време на Велигденските празници одличиле да подарат Велигденски јајца. Потребните јајца биле собрани преку хуманитарна акција во која одејќи во секоја куќа, во едно од локалните села, собереле многу јајца како подарок од селаните. Собраните и украсени јајца ги подариле во болницата со што успеале да им покажат дека тие сепак не се заборавени. Овој проект е оценет со 5++

9. ООЦК Виница

***Уметноста-Огледало на душата***

ДИСЕМИНАТОР: Петрунка Илиева
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Моника Митревска,Аница Ѓорѓиева, Моника Петкова, Вамрија Темикова

Овие младинци имаат направено многу успешен проект составен од повеќе етапи. Прва активност која тие ја спровеле е барање на материјали со кои ќе изработат

слики, а подоцна и нивна изработка, за на крај да ја остварат својата идеја и да ги продадат на аукција. Тие собрале 7200 ден. со кои биле купени прехрамбени продукти. Од истата сума биле платени и заостанати сметки на неколку семејства со социјални потреби. Проектот беше оценет 5++.

10. **ООЦК Свети Николе**

***Наша понуда + Ваш избор = Заедничка полза***

ДИСЕМИНАТОР : Стево Богатинов
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Петровска Марија, Атанасова Марија, Јакимова Емилија, Ѓеорѓиева Кристина

Овој проект имаше за цел да собере парични средства за подобрување на физичките услови во училницата и естетско уредување на истата во кои престојуваат учениците од петто до осмо одделение. За време на Велигденските празници се одржа изложба на велигденски украси, преку која беа собрани 4800 ден. Со овие пари беа купени завеси за училниците. Овој проект е оценет со 3.

11. ООЦК- Штип

**Информирање и спречување на абортусите кај адолесцентите од 15-20 години**

ДИСЕМИНАТОР : Никола Камчевски
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Константинова Сандра, Тополова Марија

Младинците инспирирани и потикнати од секојдневното слушање на голем број информации поврзани со адолесцентите и нивните проблеми решиле да им помогнат на дел од нив. Проблемот кој тие го разработуваат е помош на адолесцентите кои се решиле да абортираат. Со желба да престане овој процес собрале материјали и информации од стручен лекар од таа област, за спречување и информирање на адолесцентите за несакана бременост и абортус. Овој проект е оценет со 2 поради добро документираната идеја без акција

12. ООЦК Тетово

***Гласот на хуманоста***

ДИСЕМИНАТОРИ : Раметула Муниши и Борче Стојановски
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Линда Зејнели, Шпенза Арифи, Љујза Османи, Едита Реџепи

Овие младинци знаејќи дека им треба помош на болниците каде што условите не се најдобри, одлучија да организираат хуманитарен концерт кој истовремено беше и презентација на нови млади таленти. Собраните средства беа наменети за купување на неопходните материјали во болниците како што се: прекривки за кревет, влечки, пижами и др. Беа собрани и донирани 400 Евра. Проектот е оценет со 5+++.

13. ООЦК Кисела Вода- Скопје

***Хуманитарен концерт Поточиња***

ДИСЕМИНАТОР: Надица Бошковска
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Оливер Пап, Катерина Кочковска, Олгица Стефановска

Младинците на Кисела Вода воочиле дека проблем на кој би требало да му посветат најмногу внимание во својата општина е помошта на ученици со пречки во говорот и слухот во училиштето К.Ј. Питу. Парите ги собрале преку организирање на хуманитарен концерт на кој учествувале 80 соло изведувачи и хористи. Предходно концертот бил добро најавен на неколку локални ТВ и Радио станици, со цел да се обезбеди што е можно поголема посетеност. Со собраните средства од продадените влезници бил купен скенер кој бил подарен на специалната паралелка во училиштето Кузман Јосифовски-Питу. Проектот е оценет со 5++++.

14. ООЦК Чаир

***“Оспособување на спортските терени за децата од јавната установа за згрижување и воспитување на деца - 25 Мај”***

ДИСЕМИНАТОР: Лидија Петкинчевска
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Борко Георгиевски,Ирена Бардовска,Кристина Настовска,Елена Касовска,Ивана Тодоровска,Моника Николовска,Амир Кадри и Роберт Рамо

Групата дојде до една многу убава и хумана идеја да го реши прашањето околу спортските терени на установата 25 Мај. Наместо да посегнат по некој од пороците, децата имаат место каде ќе се рекреираат,забавуваат дружат и натпреваруваат. Беше организиран хуманитарен турнир во мал фудбал, а од собраните 5500 ден. ќе бидат купени потребни спортски реквизити. Во текот на натпреварите,волонтерите имаа можност да интервенираат и во друга област на Црвениот крст-давање на прва помош што е за пофалба. Овој проект е оценет со 3-, поради тоа што претставува недовршен обид за реализација за оспособување на спортските терени.

15. ООЦК Кавадарци

**“Мала помош за оние што им помагаат на сите”**

ДИСЕМИНАТОР : Илинка Гичова
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА : Катица Миловска,Георгиев Живко,Николова Александра и Горев Александар

Сакајќи да го подобрат изгледот на дворот на ООЦК Кавадарци,Катица Миловска,Георгиев Живко,Николова Александра и Горев Александар се погрижија да ги превземат во свои раце активностите што би придонеле за реализирање на поставената цел-уредување на дворот на ООЦК Кавадарци. Мерење на дворот,исцртување на скица, фотографирање и утврдување на потребните средства беа основните работи од кои појде се.Тимот најде волонтери од нивните училишта кои заедно со нив го уредија дворот со засадување на пролетно цвеќе и жива ограда.Како што и самите наведуваат,позитивните ефекти од проектот оценет со 4 ке ги почувствуваат самите волонтери кои поголем дел од своето време го поминуваат токму во ООЦК Кавадарци.

16.ООЦК Берово

**“Едукативен и ХЕЛП центар во ДСУ Ацо Русковски Берово”**

ДИСЕМИНАТОР: Паговска Душанка
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Постоловска Кристина

Учениците од ДСУ Ацо Русковски Берово со помош на директорот ,психологот и професорите во училиштето,отворија клуб со цел организирање на предавања на теми од едукативен карактер коишто ги засегаат младите.Исто така поставија кутија насловена како ХЕЛП каде средношколците ке можат да бараат помош од училишниот психолог. Сето ова вроди големи почетни резултати со одржани 2 работилници и со претходни анкети за теми кои ги интересираат учениците. Овој гест беше од учениците за самите ученици. Проектот беше оценет со 3+, (поради недовршената акција и нејасното документирање.)

17. ООЦК Берово

**“Хуманитарен концерт за децата со посебни потреби од дневниот центар Берово**”

ДИСЕМИНАТОР: Душанка Паговска
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА:Ангела Здравковска,Весна Тренчевска,Новица Пецински,Александра Грповска,Александра Теринска,Гоце Боболински,Елена Самардиска

Преку концерт на фолк пејачката Жаклина и нејзиниот бенд, и настапи на децата од дневниот центар од Берово и драмата ЉУБОМОРА подготвена во соработка со детскиот парламент од Берово,групата го реализираше својот проект. Парите собрани од влезниците беа наменети за купување на потребни производи за Центарот. Посетителите имаа можност и да ги видат рачните изработки на децата од дневниот центар. Проектот има оценка 4-

18. ООЦК Карпош

**“Донирање на финансиски средства на детската клиника Скопје со помош на училишната работилница СГУС Ѓорги Димитров во која ќе се изработуваат украсни предмети**

ДИСЕМИНАТОРИ:Билјана Петреска и Арџина Нагавци
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА:Катерина Митревска,Христина Младеноска

Групата го реализираше овој проект преку активноста изработка на накит. Накитот беше изработен во неколку организирани работилници од страна на самите учениците во училиштето се продаваше во просториите на училиштето и беше купуван од страна на учениците и професорите. Беа собрани 1000 денари кои беа донирани во детската клиника.Проектот беше оценет со 5.

19. ООЦК Македонски Брод

“**Спортскиот дух ја пробудува хуманоста”**

ДИСЕМИНАТОР: Далибор Мисајлиски
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Велеска Жана, Бороска Николина

Со цел преку дружење и натпреварување да се соберат парични средства кои ќе се наменат за децата со специјални потреби од ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа Македонски Брод Детскиот центар во с.Манастирец, Жана Велевска , Бороска Николинка со дисеминаторот Далибор Мисајлевски организираа женски и машки турнир во фудбал од кој се собраа парични средства во износ од 1560. Тие ги мотивираа младите да се вклучат во хуманитарни цели,организираа натпревар и собраа средства со кои купија храна за децата од центарот.Овој проект беше оценет со 4 ++

20. ООЦК Берово

**Мала, хумана, но развеселувачка
помош за децата со посебни потреби**

ДИСЕМИНАТОР: Паговска Душанка
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Билјарска Емилија, Галабовска Татјана

Цел на овој проект беше да се влее надеж во животот на децата затоа што тие се нови ѕвезди на небото, идни поколенија кои треба да ја оживеат и разубават Земјата- така младите при ООЦК Берово се инспирираа да го направат нивниот проект. Барајќи спонзорство од повеќе книжари и продавници во градот тие успеаа да соберат училишен прибор за децата со посебни потреби. Проектот е оценет со 4 и завршен успешно при што на крај е направена забава за да им се дадат подароците на децата.

21. ООЦК ОХРИД

**Помош со помагала со лицата со оштетен вид и слух**

ДИСЕМИНАТОР: Славица Илиќ
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Гоце Жилески Марјан Гогоски Надица Николовска Марија Сабриновска и Дејан Трајчевски

Тимот организираше иновативна акција со помош на пекарите од Охрид. Нивната првична инветивна идеја беше остварена во целост.Од барања спонзорство од повеќе пекарници во Охрид, завршија до акција на продавање на производите, а собраните парични средства се наменија за лицата од Здружението на глуви и наглуви и од Здружението на слепи лица. Беа собрани 23 330 денари, со истите беа порачани помагала од Германија кои се очекува да стасаат во секој момент. Членовите се презадоволни од фактот дека најдобрата страна во проектот е тоа што го постигнаа во срцата на овие лица: тие се почуствуваа прифатени од средината...
Проектот беше оценет со оценка: 5+++

22. ООЦК-Виница

**Од учениците до учениците**

ДИСЕМИНАТОР:Петрунка Илиева
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Михаил Гечев,Сенад Плунцевиќ,Игор Филипов

Оваа група младинци организирале хуманитарна акција за облека и обувки за лица од социјално загрозени семејства. Младенците од ООЦК Виница собирале и ги донирале на седум семејства со социјални потреби. Тие имале успешна релизација чија крајна цел е пружање поддршка на учениците за учениците.
Проектот беше оценет со 4+

23. ООЦК-Крива Паланка

**Животот на градски парк**

ДИСЕМИНАТОР:Светле Миланска
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА:Андријана Илиевска,Кристина Крстевска, Дарко Трајчевски,Кристина Стојановска

Младинците од ООЦК Крива Паланка успеаа да реализираат проект со пошироко значење за заедницата. Нивната цел е уредување да градскиот парк. Тие во паркот поставеле клупи и канти за отпадоци ,сијалици и коцки кои се потребени за тротоари. Сето ова го направиле за граѓаните на град Крива Паланка.

Проектот беше оценет со 5++

24. ООЦК Неготино

**Празнување на Велигден со штитениците од ЦДП Порака**

ДИСЕМИНАТОРИ:Гечевски Александар
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА:Ефремова Катерина,СтевановскаТања, Тодорова Александра

Дружење,забавување и внесување на радост во животот на оние коишто другите ги забораваат.Тие деца навистина имаа успешна реализација со пошироко значење за заедницата. Забавувањето и хуманоста во овие моменти го прават човекот порадосен и посреќен .
Дружењето направи тие да се чуствуваат како несподелен дел од нашето општество, кое во тие денови ја чувствува душата и моќта на хуманоста.
Проектот беше оценет со 5+

25. ООЦК Карпош

**Запознавање со Црвен Крст и информации за одбрана од земјотреси**

ДИСЕМИНАТОРИ:Арџина Нагавци и Билјана Петреска
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Арлинда Буши,Крешник Зубери, Кренар Ќоку

Целта на овој проект беше запознавање на учениците од прво одделение за земјотресите и

заштитата при земјотреси, како и запознавање со Црвениот Крст. Првачињата за првпат имаа можност да учествуваат во активност од овој вид кој директно се поврзува со нивните знаења како да се реагира при овој вид на природни катастрофи. Проектот беше оценет со оцена 3.

26. ООЦК Кичево

**Хуманитарна Претстава**

ДИСЕМИНАТОРИ:Валдете Адиљи,Валентина Спиридоноска
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА:Прнвера Рамадани,Ветон Ахмеди,Јета Ќерими,Арта Балажи,Албулена Зенку,Леонора Сачиу

Хуманитарна претстава организирана со цел да се помага на четри сиромашни семејства во која се собираа околу 20000ден и беа еднакво поделени. Иако имаа неколку тешкоти, хуманоста во срцата на овие ученици беше толку силна што им помогна да ја постигнат целта многу успешно. Крајот ги остави задоволни и среќни семејствата, луѓето кои беа дел од претставата и вредните ученици. Проектот беше оценет со 5++

27. ООЦК Кичево

**Хуманоста е сила**

ДИСЕМИНАТОРИ:Валдете Адили,Валентина Спиридоноска
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА:Албулена Мехмеди,Гонџе Балажи,Бесим Садику,Арбер Мурати,Мерием Пурелку,Дардане Емини

Децата со посебни потреби во Кичево имаа незаборавен ден благодарејќи на учениците чија цел беше да организираат маскенбал со различни случувања и со собираните срадства да им помогнат.Младите подготвија се до најмал детал вклучувајќи ја тука и соработката со Општината и Црвен Крст за да бидат улиците сигурни за маршот , саемот , слатките кои требаше да се продават и други активности. Маскенбалот помина одлично и Домот доби можност да обезбеди се што им беше потребно.
Проектот беше оценет со 5++++.

28. ООЦК Неготино

**Хуманитарен ден**

ДИСЕМИНАТОР: Александар Гичовски
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА:Димова Цветанка,Златковиќ Цветанка,Димова Сања, Милошевска Ивана

Целта на овој проект беше да им се помогне на децата од специјалната паралелка во ОУ Страшо Пинџур од Неготино. За оваа цел беше остварена собирна акција во која беа собрани 5300 денари. Со собраните средства беа купени мали пакети за лична хигиена кои им беа поделени на сите деца заедно со по една мала играчка. Исто така беа купени комплети од тетратки, моливи, пенкала и гуми, како и помошни нагледни средства за паралелката како атласи, енциклопедии, математички фигури, сложувалки и сл

Тимот кој го реализираше овој проект исто така организираше и мали фудбал натпревари со децата од оваа паралелка. Заради многу успешната реализација овој проект беше оценет со 5+++.

29. ООЦК Делчево

**Да подадеме рака за подобра иднина.**

ДИСЕМИНАТОР: Весна Димитровска
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА:Даница Ѓорѓевска,Наташа Георгиевска,Кристина Тодоровска,Емилија Николова,Ирена Ристовска,Сандрина Филиповска,Соња Јанова,Симона Јованоска,Фатош Усаинова,Сања Стамболиска

Донирање на материјална поддршка на 9 социјално загрозените семејства. Тимот кој го реализираше овој проект организираше акција за собирање на облека и обувки, постелнина, хигиенски производи, санитетски средства, играчки и училишен прибор.Тие собираа донации и спонзорства како од физички лица, така и од локални продавници и фирми. Од собраните производи биле направени пакети зависно од потеребите на самите семејства, на кои подоцна овие пакети им биле донирани. Проектот беше оценет со оцена 5.

30. ООЦК Струга

**Заедничка радост**

ДИСЕМИНАТОРИ:Слободан Наумоски,Валдете Насуфи
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА:Шемседин Иљази,Златко Шурдоски,Семир Шабоски

Целта на овој проект е да се покаже дека младите од Струга секогаш се подготвени да покажат дека лицата со посебни потреби не се изоставени од секојдневниот живот. Целта на проектот беше да се организираат посети и дружења со 13 деца со посебни потреби од Струга. За таа цел во текот на две недели беа организирани неколку средби: една средба за запознавање и дружење, посета на фолклорниот ансамбал од СОУ Нико Нестор, една спортска средба, посета на природонаучниот музеј во Струга, креативна работилница за изработка на витражи, едукативна посета на еден локален интернет клуб. Заради многу успешната реализација овој проект беше оценет со 5.

31. ООЦК Центар

**Да им помогнеме на оние кои се заборавени**

ДИСЕМИНАТОР : Наташа Томовска
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА:Александра Симоска,Марија Трајковска,Сања Станковиќ

Целта на овој проект е поминато попладне со стечајците кои предолго време штрајкуваат пред собранието на град Скопје.Целта беше да се привлече медиумска покриеност и кревање на свеста на граѓаните за заборавените стечајци.
Проектот беше оценет со 4--

32. ООЦК Центар

**Хуманоста постои,постоеше и ќе постои**

ДИДЕМИНАТОР:Наташа Томова
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА:Ангелина Малова, Александра Арсовска,Тања Кекеновска,Елена Трајкоска

Во рамките на овој проект во СУГС Раде Јовчевски Корчагин беше организирана собирна акција и беше поставена кутија во која беа донирани парични средства со кои потоа беше купена облека за 18 деца без родители од домот 11-ти Октомври. Проектот беше оценет со 5--

33. ООЦК Прилеп

**Се за природата**

ДИСЕМИНАТОР:Сузана Талџиоска
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА:Јовановска Марија,Спиркоски Филип,Попоска Ангела

Целта на овој проект беше расчистувањето на депонијата која се наоѓаше кај патот кој води кон манастирот Св. Ѓорѓија и рудникот Сивец, за доброто на цела околина. Оваа дива депонија беше блиску до најфрекфентното излетничко место во Прилеп. Сега на местото на депонијата се ослободи место од 400 метри2 подготвени за пошумување. Проектот беше оценет со 5++.

34. ООЦК Прилеп

**Опремување на дневниот центар за деца со посебни потреби**

ДИСЕМИНАТОР:Сузана Талиџиоска
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА:Гудеска Марија,Савковска Ивона,Кусибјоска Даниела

Дневниот Центар на општина Прилеп ги Згрижува децата со посебни потреби. Целта на овој проект беше да се соберат средства за обезбедување на подобри услови за престојот на децата во овој центар. Била спроведена собирна акција за собирање на парични средства. Собрани биле вкупно 6100 денари, од кои 3600 денари биле потрошени за купување на теписони со кои била покриена просторијата во центарот, а останатите 2500 биле донирани во центарот за купување на други потребни помагала. Проектот беше оценет со 5+++.

35. ООЦК Битола

**Мојата стара играчка за некого е нова и наоси радост**

ДИСЕМИНАТОР: Александар Тодоровски
Членови на групата: Елена Неделковска, Ана Ѓорѓиевска, Даниел Стојчески, Зорица Зрдавеска, Розита Ѓорѓиевска, Марија Ристевска, Жарко Јовичќ

Овие млади луѓе направија добра документација на нивната идеја за собирање на играчки во основните училишта во Битола и нивно понатамошно донирање во јавни установи-Детски градинки ( вкупно 10) од Битола.

Ова за сега е само документирана идеа која овие млади луѓе планираат да ја реализираат. Проектот е оценет со 2.

36. ООЦК Битола

**Сите сме твои корисници**

ДИСЕМИНАТОР: Александар Тодоровски
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Виктор Велјановски, Меги Попоска, Теодора Христовска, Ивана Чагоровска, Иле Јовановски, Ивана Дамческа, Стефанија Поповска, Мартина Илиевска, Елена Неделковска, Ана Ѓорѓиевска, Даниел Стојчески, Зорица Здравковска, Розита Ѓеоргиевска, Јасмина Цветановска, Билјана Стојчевска, Стефан Гоневски.

Младите од ООЦК Битола направиле добра документација на својата идеја за озеленување и уредување на дворниот простор на Клиничката Болница во Битола, со цел разубавување на просторот на болните, вработените и останатите кои ја посетуваат и користат истата. Проектот беше оценет со 2.

37. ООЦК Битола

**Голема забава, големи пари, голема и искрена радост**

ДИСЕМИНАТОР: Александар Тодоровски
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Меги Поповска, Мартина Илиевска, Виктор Велјановски, Теодора Христовска, Стефан Гоневски, Благојче Симоновски, Благојче Таловски.

Младите од ООЦК Битола направија добра документација на нивната идеја чија основна цел била организирање на забава за собирање на парични средства наменети за децата со посебни потреби. Проектот е оценет со 2.

38. ООЦК Виница

**Млади луѓе со големи срца**

ДИСЕМИНАТОР: Петрунка Илиева
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Благица Георгиева, Јулија Вучковска, Симона Стојанова

Младите на ООЦК Виница успешно реализираа проект чија цел беше организирање на забава за учениците при што се собираа пари кои подоцна им беа донирани на лица со посебни потреби. Исто така овие младинци организираа акции во две основни училишта на 14 Февруари - Денот на Вљубените, каде учениците креираа љубовни пораки, а најуспешните беа наградени. Со секоја порака се донираа и по 5 денари. Со собраните пари им се помогна на семејството Симеонови од село Блатец со прехрамбени продукти. Проектот беше оценет со 4++.

39. ООЦК Валандово

**Опремување со аудио-визуелни помагала на училиштето во с. Казандол, во кое учат деца од турска националност**

ДИСЕМИНАТОР:Митев Васе

ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА:Пеева Олга, Сечкова Ирена и Гетова Симона.

Младите од општинската организација на Црвен крст од Валандово својата хуманост ја покажаа со тоа што успешно реализираа проект чија крајна цел беше организирање на хуманитарен концерт преку кој се собираа средства за подобрување на условите за работа во училиштето во село Казандол. Младите од оваа акција собраа 15242 денари кои потоа ги искористија за купување на телевизор, систем и ДВД за ова училиште. Покрај ова тие подготвија и 15 училишни пакети за секој ученик. Секој пакет содржеше папка, молив, пенкало, гума, острилка, лепак, фломастери, тетратки, блок и водени боички. Со тоа им помагнаа на децата кои посетуваат и кои ќе посетуваат настава во училиштето, а со тоа и направија успешен проект кој има поголемо значење за пошироката заедница. Проектот беше оценет со 5++++

40. ООЦК Кичево

**Помош на лицата со социални потерби**

ДИСЕМИНАТОРИ : Спиридоноска Валентина ,Адили Валдете
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Јадранка Богеска-лидер,Љубица Томовска,Маријана Митаноска,Дејан Лазаревски,Селма Велиоска,Ветон Акмети,Пранвера Рамадани и Јета Ќерими.

Молбата за помош на едно бедно и тажно момче им даде поттик на младите од ООЦК- Кичево да им проработи свеста за успешна реализација на проектот каде целта е еднократна помош за 30 семејства со социјални потреби од град Кичево со облека и играчки. Нивната акција се одвиваше успешно во нивното С.О.У Мирко Милески и тоа во двете смени во училишниот ходник со што завршија успешна акција каде беше собрана облека за 30 семејства и тоа за времетраење на таа акција од два дена. Целата облека беше предадена на 30 загрозени семејства во просториите на Црвен Крст Кичево.Овој проект беше оценет со 4+

41. ООЦК Кичево

**Еднократна помош на 20 деца со специјални потреби од центарот за дневен престој во Кичево.**

ДИСЕМИНАТОРИ: Ваљдете Адили, Валентина Спиридоноска
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Љубица Томовска, Ветон Ахмеди, Гонџе Балажи, Арта Балажи, Пранвера Рамадани, Меријем Пурелку, Јета Керими, Лиридона Цуцули, Албулена Мехмеди, Осман Балажи, Јадранка Богеска, Маријана Митановска, Александра Блажеска, Слаѓана Гореска, Селма Белиоска.

Целта на овој ПХВ проект е донирање на еднократна помош од 3300 мкд на Центарот за дневен престој во Кичево каде што целна група беа 20 деца со специјални потреби од Центарот. Покрај тоа, работната група организираше неколку часовни посети на Центарот каде што претставниците се дружеа со децата и помагаа околу грижата за нив.
Проектот беше оценет со 4++.

42. ООЦК Кичево

**Хуманитерен Концерт**

ДИСЕМИНАТОРИ: Валентина Спиридоноска, Ваљдете Адили
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Томовска Љубица, Митаноска Маријана, Богеска Јадранка, Велиоска Селма, Симоноски Александар, Петкоски Горан, Србиноски Александар.

Целта на учениците од Кичево беше одржување на хуманитарен концерт каде настапуваа три локални рок групи, пришто беа собрани 9 400 мкд кои беа еднократно распределени на 20 деца со пречки во развојот од Центарот за дневен престој од Кичево. Очекуваниот резултат беше остварен, бидејќи беа собрани парични средства и беа распределени во Дневниот Центар. Проектот беше оценет со 5+++

43. ООЦК Кратово

**Младите хуманисти во акција**

ДИСЕМИНАТОР: Гоце Стојановки
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Билјана Лазаревска, Лиде Стојановска, Влатко Бојковски, Славица Јаковска, Магдалена Лазаровска.

Мадите од ООЦК Кратово направија документација на нивната идеја за проект кој има за цел посета и давање помош на старите и изнемоштени лица во Кратово и 5 селски населби, како и нивна евиденција и пружење на дирекна помош. Очекуван резултат од овој проект беше да се развие чувство на хуманост и солидарност и кај останатото население. Проектот е оценет со 2.

44. ООЦК Кратово

**Ликовна колонија- Меѓуетничка соработка**

ДИСЕМИНАТОР: Гоце Стојановски
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Андоновска Ивана, Кузмановски Тони, Наунов Горан, Бојков Влатко, Андоновски Александар.

Овој ЦКА-ПХВ предлог- проектот од Кратово има за цел да се создаде камп за интеграција на младите од сите етнички групи и нивно оспособување на заеднички соживот. И покрај испланираната програма и пресметаните средства, целта не е постигната, поради што проектот беше оценет со 2.

45. ООЦК Кратово

**Едукација на учениците за заштита од дрога**

ДИСЕМИНАТОР : Гоце Стојановски
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА : Стојановска Лиде, Бојковски Владко, Лазаревска Билјана, Јовановски Илија

Младите од Кратово документираа идеја да реализираат едукативни работилници во кој ќе се вршат активности во однос на превенцијата од дрога кај учениците од Кратово од урбаните и руралните средини. Очекуван резултат од овој проект беше зголемување на

степенот на едукација кај младите. Проектот беше оценет со 2

46. ООЦК Пробиштип

**Ајде да помогнеме**

ДИСЕМИНАТОР: Спирковски Сашо
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Мила Митровска, Изабела Илиевска, Јасна Цекова

Проектот имаше за цел собирање на материјални средства како играчки, прибори за цртање, боење и сл., кои ќе бидат разделени на децата од Дневниот центар за деца со посебни потреби. Беа собрани 35 меки играчки, прибори за боење и цртање.
Проектот беше оценет со 3-

47. ООЦК Струмица

**Помош со материјални средства на болни од церебрална парализа**

ДИСЕМИНАТОР: Ленче Вучкова
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Катерина Сулева, Јованова Сања, Стоилковиќ Никола

Будење на хуманоста кај сите луѓе без разлика на вера и раса.
Основна цел на овој проект беше помош со материјални средства за Јанкови Благица и Атанас од с. Смоларе, кои се болни од церебрална парализа. Материјалната помош која беше собрана преку доброволни парични донации од физички лица и фирми беше искористена за купување на 2 кревета за болните, како и за обновување на нивните алишта. Проектот беше успешно реализиран и одлично документиран. Истиот беше оценет со 5+++

48. ООЦК Велес

**Помош на лица социјални случаи**

ДИСЕМИНАТОР: Ангел Ќиров
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Васев ЃорѓИ, Пачемска Фани, Митев Лазар, Диме Василевски, Стојановска Мимоза, Бобан Христов

ПХВ проектот на учениците од Велес имаше за цел да им помогне на социјалните случаи чии деца учат во ССОУ Димитрија Чуповски и имаа потреба од облека. Спроведената акција одржана во ОУ Блаже Конески, резултираше со 5-6 собрани вреќи со облека и распределени низ целните семејства. Овој проект е оценет со 2

49. ООЦК Велес

**Помош на социално загрозено семејставо**

ДИСЕМИНАТОР: Ангел Ќиров
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Цветанка Димовска, Сања Јорданова, Дајана Димитриеска, Евгенија Стоимановска.

Работната група на Велешкиот ПХВ проект за цел имаше да им помогне на загрозено семејство кое се наоѓа во тешка социјална положба. По утврдувањето на

потребите на семејството Зумберови, претставниците на проектот оргазизираа собирна акција, по која им ги донираа собраните средства во храна и облека. Комисијата овој проект го оцени со 4.

50. ООЦК Велес

**Помош на семејства при семејна катастрофа- Пожар**

ДИСЕМИНАТОР: Ангел Ќиров
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Ненад Дафинчевски, Бојан Ников, Ристе Бузалков, Данчо Матев, Диме Мишков, Игор Велков, Борче Темов.

Проектот од Велес имаше за цел да им помогне на семејствата на коишто таа помош им е навистина најпотребна. Беа собрани парични и материјални средства кои им беа доделени на семејството Стојановски, чиј што стан беше целосно опожарен. Проектот беше оценет со 5+

51. ООЦК Виница

**Од срце, со срце, за срце**

ДИСЕМИНАТОР: Петрунка Илиева
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Ирена Арсова, Марија Бубинска, Марија Спасова, Александра Ристовска

Мотото на овој проект е: Сите луѓе се едно и сите заслужуваат љубов и внимание.
Учесниците на ПХВ проектот од Виница со цел да ги усреќат најранливите, по повод доаѓањето на Нова Година, изработија проект за делење на Новогодишни пакетчиња на 15-те ученици со посебни потреби од ОУ Кочо Рацин, с.Блатец, општина Виница. Проектот беше оценет со 4

52. ООЦК Виница

**Со навремено и точно информирање на учениците до подобри резултати**

ДИСЕМИНАТОР: Петрунка Илиева
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Здравко Данчев, Драган Ѓорѓиовски.

Целта на проектот од Виница беше обезбедување на огласна табла за учениците од ОУ Славчо Стојменоски. Со таа огласна табла, учениците и наставниците ќе бидат навреме и точно информирани. Проектот беше успешно реализиран и оценет со 4.

53. ООЦК Неготино

**Искористување на слободното време на организиран начин.**

ДИСЕМИНАТОР: Гичовски Александар
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Стефанова Ангелина, Михајлова Билјана, Ивана Дафова, Андов Симон, Мацева Тања, Топалова Никица

Младите од ООЦК Неготино успешно организирале и реализирале проект кој за цел има информирање на младите од нивната гимназија за опасностите од чумата

на 21-от век, СИДА-та. Тие одржаа неколку едукативни работилници, со цел за што помасовно информирање и едуцирање на младите.
Проектот беше оценет со 4+

54.ООЦК Дебар

**Дрогата, Алкохолот и Пушењето-Предизвиците на 21-от век**

ДИСЕМИНАТОР: Резеарт Руси
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Арти Ќормемети и Мухамет Талќиу

Мадите кои го реализираа овој проект организираа стручно предавање за болестите на зависност и последиците од нив. За оваа цел тие соработуваа со голем број на стручни лица и експерти, направија анкетирање за да се испита информираноста кај младите, организираа јавни предавања кои потоа како видео материјал беа прикажувани на националната телевизија МТВ, а подоцна како писмен материјал биле објавени во два дневника, Факти и Коха. Проектот беше оценет со 5+++

55. ООЦК Радовиш

**Подајте рака полна со топлина**

ДИСЕМИНАТОР: Новка Велева
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Мирчевска Љубица, Соња Василева

Овој проект беше реализиран со цел да му се помогне не 14 годишниот Иле, на кого му беше потребна итна операција во пределот на главата. За таа цел младите организираа хуманитарен концерт на кој учество зедоа голем број на локални фолклорни групи, рецитатори, музичари и сл. Од оваа акција беа собрани 9000 денари, што претставува една третина од потребната сума за медицинската интервенција. Проектот беше оценет со 5+++.

56. ООЦК Битола

**Не, човек со човек бидува**

ДИСЕМИН АТОР: Александар Тодоровски
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Теодора Христовска, Стефан Гоневски, Виктор Вељановски, Ивана Чагорска, Ивана Дамчевска, Стефанија Попоска и Мартина Илиевска.

Младите од ООЦК Битола решиле својот проект да го посветат на лицата болни од хемофилија. За таа цел ги посетувале поголемите и помалите фирми во градот и барале помош, т.е. парични средства со кои ќе им се помогне на лицата со хемофилија. По нивната успешна акција собраните средства ги донирале на дваесетте семејства штитеници на центарот за лица со хемофилија Хемолог од Битола. Со тоа тие направија успешно реализиран проект со пошироко значење за заедницата, оценет со 5.

57. ООЦК Радовиш

**Облеката-Нашето второ јас**

ДИСЕМИНАТОР: Новка Велева
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Мирчевска Љубица, Соња Василева

Младите кои го реализираа овој проект организираа собирна акција во неколку локални училишта со цел потпомагање на неколку социјално загрозени семејства.
Акцијата имала голем одек и било собрано големо количество на стара облека, која потоа им била разделена на седум социјално загрозени семејства.
Проектот беше оценет со 5.

58. ООЦК Кочани

**Собирна акција на стари алишта**

ДИСЕМИНАТОР: Митко Петров
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Петар Ангелов, Тоше Стојмировски, Димитар Јосифов

Младите организирале собирни акции за стара облека во неколку локални училишта во нивниот град. Собирните акции траеле неколку дена во секое училиште, и на крај целата собрана облека им поделена на неколку сиромашни семејства кои имале најголема потереба од истата. Проектот беше оценет со 4-

59. ООЦК Неготино

**Подобро запознавање со историјата и убавините на нашата татковина-Македонија**

ДИСЕМИНАТОР: Александар Гичовски
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Пенкова Тања, Рангелова Паолина, Василева Благица.

Целта но овој проект беше да се поттикне љубопитноста кај дел од младите од Неготино да научат нешто повеќе за историскиот развиток и убавините на Македонија. За таа цел младите организирале неколку информативни предавања, секое со траење од по 30 минути, за учениците од неколку училишта во нивниот град. Проектот беше оценет со 3.

60. ООЦК Неготино

**Преку игра и забава до приближување на разликите**.

ДИСЕМИНАТОР: Александар Гичовски
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Арсова Цанка, Петрова Елена.

Целта на овој проект беше дружење и социјализација на деца со ментален хендикеп кои престојуваат во дневниот центар Порака. За таа цел тие организирале еднодневна средба со спортски активности, пеење и играње. По оваа средба тие направиле и мал коктел кој го реализирале со средствата собрани од собирната акција која ја организирале во своето училиште. На крај секое дете добило и пригоден подарок во вид на играчка и облека. Проектот беше оценет со 4.

61. ООЦК Гази Баба

**Прв чекор**

ДИСЕМИНАТОР: Петар Таомиќ
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Христина Богоевска, Лена Талевска, Тера Стефановска, Александар Блажевски.

Целта на младите од овој проект беше да организираат еден свечен ручек, забава и дружење за 20 деца на возраст од 12 до 16 години, кои доаѓаат од социјално загрозени семејства и живеат само со своите самохрани мајки. За жал уште на почетокот наишле на финаниски проблеми кои ги оневозможиле во понатамошното реализирање на проектот. Нивниот обид беше оценет со 3--

62. ООЦК Карпош

**Дружење со старите лица од домот Мајка Тереза-Скопје**

ДИСЕМИНАТОРИ: Билјана Петревска, Арџина Нагавци
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Марковска Мила, Андреа Златков, Сандра Георгиевска.

Овие младинци организираа работилница за изработување на украсни предмети, честитки и украсни јајца, кои потоа ги продаваа на хепенингот кој по повод велигденските празници бил организиран во нивното училиште. Собраните пари ги донирале во домот за стари лица Мајка Тереза во Скопје. Проектот беше оценет со 4-

63. ООЦК Карпош

**Собирање на облека за хуманитарни цели**

ДИСЕМИНАТОРИ: Билјана Петреска, Арџина Нагавци
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Ена Стаматовска, Ема Стаматовска, Загица Галеска, Јована Хиколовска, Дејан Спиров, Немања Вукичевиќ, Андреј Василески.

Членовите на оваа група организирале собирна акција на стара облека и играчки во нивното училиште. Акцијата траела еден ден, а собраната облека и играчки потоа им биле дадени на едно социјално загрозено семејство. Проектот беше оценет со 4.

64. ООЦК Карпош

**Дружба со децата од домот за деца без родители 11 Октомври од Скопје**

ДИСЕМИНАТОРИ: Билјана Петреска, Арџина Нагавци
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Андреа Златков, Мила Марковска.

Двете младинки кои го реализираа овој проект поттикнаа иницијатива за дружење со децата од домот за деца без родители во своето училиште. Тие ги информирале сите за планираната посета и сите заинтересирани кои сакале да ја организираат оваа средба со нив требало да донираат по 100 денари, На крајот со овие собрани средства тие организирале мал коктел како заокружување на нивното еднодневно дружење. Проектот беше оценет со 3.

65. ООЦК Карпош

**Хуманитарен концерт**

ДИСЕМИНАТОРИ: Билјана Петревска, Арџина Нагавци
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Сара Георгиевска

Целта на овој проект беше да им се помогне на децата без родители од домот за деца без родители и на полесно хендикепирани деца, преку организирање на еден хуманитарен концерт на кој сите тие ќе присуствуваат, но исто така и со тоа што било планирано со парите од продадените влезници да им бидат купени пригодни подароци. Проектот за жал не беше реализиран поради проблеми со изнаоѓање на соодветна локација за реализација на истиот. Оценет е со 2.

66. ООЦК Берово

**Хуманитарна помош за најзагрозеното семејство**

ДИСЕМИНАТОР: Паговска Душанка
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Догазанска Елена, Дракалска Наташа, Николова Ивана, Чиплаковска Катерина, Попочовска Љупка, Буровска Фросина.

Целта на овој проект била да му се помогне на едно семејство кое е во незавидна материјална, но и психолошка состојба. За таа цел биле спроведени неколку собирни акции, а биле побарани и спонзорства во форма на парични средства и производи од повеке продавници и фирми во нивниот град. Биле собрани 11550 денари, како и поголемо количество на прехрамбени продукти. Овие средства потоа биле донирани во семејството. Исто така овие млади луѓе покренале постапка за вработување на еден член на ова семејство, која се уште е во процедура. Заради успешноста на овој проект истиот е оценет со 5+++.

67. ООЦК Кавадарци

**Работната терапија како рехабилитационен третман кај лица со посебни потреби и други повреди**

ДИСЕМИНАТОР: Илинка Гичова
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Душица Димитрова, Димитрова Сања, Толовска Милица, Сакалиева Андриана, Василева Маја, Александар Малов, Димитрова Душица.

Целта на овој проект беше опремување на една просторија за работна терапија за лица со посебни потреби и лица со други дијагнози за кои е потребна работна терапија. Откако просторијата со помош на макотрпно собраните донации беше опремена, младинците организираа и две креативни работилница за сликање и моделарство за пациентите сместени во болницата. Проектот беше оценет со 5.

68. ООЦК Гостивар

**Помош за едно загрозено семејство**

ДИСЕМИНАТОР: Менсур Матјан, Фаик Алили
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Нагихан Шеху, Еланур Лоч, Мерјем Капрол.

Целта на овој проект беше да се обезбеди помош на едно социјално загрозено семејство од Гостивар, преку

обезбедување на пакет со прехрамбени продукти и инвалидска количка за еден член на семејството. Својата цел тие ја остварија преку добивање на спонзорства од неколку донатори. Проектот беше оценет со 4.

69. ООЦК Гази Баба

**Забавачињата учат англиски низ игра и смеа**

ДИСЕМИНАТОР: Петар Томиќ
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Александар Балжевски, Тера Стефановска, Лена Талевска, Христина Богоеска.

Оваа група организираше еден час по англиски јазик за 15 деца на предучилишна возраст. Низ игра и смеа дечињата научија неколку од основните зборови во англискиот јазик. Проектот беше оценет со 3.

70. ООЦК Охрид

**Помош со облека на социјално загрозени семејства**

ДИСЕМИНАТОР: Славица Илиќ
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Глигуроска Ивана, Работовска Марина, Грозданоски Климент, Грујовски Владимир, Верјаноска Јоана.

Младинците од оваа група организираа собирна акција на стара облека. Истата потоа уредно ја спакуваа и ја доставија до 51 социјално загрозено семејство од Охрид и 30 загрозени семејства од општина Дебарца. Проектот беше оценет со 3.

71. ООЦК Охрид

**Секое дете има право на играчка**

ДИСЕМИНАТОР: Славица Илиќ
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Даниела Спасеска, Емилија Ристеска, Јасмина Меческа, Тамара Андриеска, Марика Чадоска

Цел на овој проект беше снабдување со играчки на детското одделение при општата болница во Охрид и детското одделение при специјалната болница за ортопедија, трауматологија и коснозглобни заболувања Св. Еразмо во Охрид. За да ја остварат оваа цел тие организирале собирна акција на играчки, кои подоцна ги декорирале и ги подариле на децата сместени во болниците. Проектот беше оценет со 5.

72. ООЦК Охрид

**Помош и поддршка на социално загрозена талентирана ученичка.**

ДИСЕМИНАТОР: Славица Илиќ
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Секуловски Бојан, Танаскоска Ема, Нестороски Стефан, Селим Аида, Спироска Ана.

Членовите на оваа група организираа хуманитарен концерт со цел собирање на средства за овозможување на приватни часови по соло пеење на една талентирана ученичка. Од продажбата на влезниците се собрани 6 440 денари, со што се овозможува покривање на трошоците

за приватните часови за три месеци.Проектот беше оценет со 4-.

73. ООЦК Прилеп

**Подобрување на хигиената кај Ромите во Прилеп**

ДИСЕМИНАТОР: Сузана Талимиџиоска-Чурлиноска
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Марија Здравеска, Марија Николоска, Кирил Димески

Со цел да им помогнат на 15 семејства-Роми со хигиенски средства, младите од Прилеп организира собирна акција во нивното училиште. Со подршката на директорот и сите хумани ученици, акцијата беше успешна и средствата беа поделени. Проектот е оценет со 4--

74. ООЦК Деличево

**Сегде! Сите! Заедно!**

ДИСЕМИНАТОР:Весна Димитровска
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Зоран Стоиловски,Александра Јовебска, Даница Ѓорѓевска, Симона Јовановска, Симона Димитровска, Ирена

Организирање на пикник-прошетки за лица со посебни потреби и еднократна парична помош за плаќање на превоз за лица кои живеат надвор од Делчево беше мисијата на младите кои многу успешно ја реализира. За да се покријат трошоците беше организирана и модна ревија со креаци од самите млади и беа продадени 6 модели од 8 изложените со што беа собирани 9000ден.Проектот беше оценет со 5++

75. ООЦК Штип

**Посреќно, повесело и поубаво детство ни е потребно**

ДИСЕМИНАТОР: Никола Камчев
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Микица Ефремова, Марија Гичева, Мануела Манева, Васка Прошева

Подобрување на условите за живот, уредување на училишниот двор, овозможување за изведување практична настава на учениците од земјоделската струка и запознавање на децата со мисијата на Црвен крст беше реализирано за 92 ученика со пречки во развој. Проектот беше оценет со 2.

76. ООЦК Македонски Брод

**Да празнуваме заедно со оние кои се малку заборавени од другите**

ДИСЕМИНАТОР: Мисајлески Далибор
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Србиноска Милена, Попска Бранка

Велигденските празници се разубавија за 12 деца со специјални потреби од село Манастирец. Младите со помош на другите ученици кои со својата креативност и хуманост ги обоија јајцата за децата, градоначалникот и

Секретарот на Црвениот крст помина незаборавен ден во Детскиот центар.Проектот е оценет со 4

77. ООЦК Виница

**Од инвентивност до хуманост**

ДИСЕМИНАТОР: Петрунка Илиева
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Ивана Атанасова, Елена Синадинова, Даниел Богданов

Со цел да им се помага на две семејства од село Блатец и истовремено да се подигне културната свест и хуманост кај населението во Виница, младите за 3 месеци изработија оригинален проект кој вклучува драма изработена од самите млади за 300 гледачи. Од прикажувањето на истата собрани биле 7000 ден. Проектот беше оценет со 5++++

78. ООЦК Гостивар

**Да го погледнеме светот од поинаква перспектива**

ДИСЕМИНАТОР: Анастасија Богданоска
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Анастасија Богданоска, Борјан Настоски, Агон Зеќири

Децата со пречки во развојот од Гостивар имаа можност да ја покажат својата креативност преку изложба која траеше 3 дена организирано од младите. Целта беше да ги рушат догмите кои владеат и истовремено да им се помогне на децата. Проектот беше успешен со меѓусебна соработка, поддршка, надополнување и разбирање.Проектот беше оценет со 5+++

79. ООЦК Крушево

**Инволвирање на младите во младинската организација на ООЦК Крушево**

ДИСЕМИНАТОР: Мери Абаџи
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Ѓиновска Александра, Трајчулеска Соња, Николоска Софија.

Целта на овој проект беше мотивирање на што поголем број на млади луѓе од Крушево за вклучување во активностите на младинскиот сојуз на ООЦК Крушево. За таа цел тие прво организирале анкета за запознаеноста на младите во нивната гимназија со активностите на Црвениот крст, а потоа организирале работилници и презентации на црвениот крст. Нивниот проект резултирал со зголемен број на млади волонтери во нивната ООЦК

80. ООЦК Крушево

**Отворање на интернет клуб**

ДИСЕМИНАТОР: Мери Абаџи
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Ѓиновска Александра, Трајчулеска Соња, Николоска Софија.

Младите волонтери кои го реализираа овој проект си поставија за цел да им овозможат на соите соученици бесплатно користење на интернет посе завршувањето на

училишните часови. Поради тоа со помош на своите професори тие издејствувале отворање на интернет клуб во нивното училиште, кој ќе биде отворен за користење за сите ученици.

81. ООЦК Крушево

**Соочување на младите со проблемите во денешницата**

ДИСЕМИНАТОР: Мери Абаџи
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Ѓиновска Александра, Трајчулеска Соња, Николоска Софија.

Идејата на овој проект е како младите кои во денешницава се соочуваат со голем број на проблеми би можеле тие проблеми да ги решат заеднички, односно тие да го изберат вистинското решение за нивниот проблем. Тие оваа своја идеа добро ја документирале и изготвиле проект за одржување на работилници во кои учество би зеле учениците, нивните родители и професори како и стручни лица: психолози, социолози, социални работници, и сл. На овие работилници би се дискутирале проблемите со кои младите луѓ секојдневно се соочуваат, но исто така и би се засилил мостот на комуникација помеѓу младите, нивните родители и нивните професори.

## Проекти изработени од страна на младинците на Црвениот крст на Р. Србија

1. ООЦК Крагуевац

**Собирна акција за донирање на стара облека**

ДИСЕМИНАТОР: Марица Радисавлевиќ
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Милан Чпајаќ, Јевто Стевановиќ

Овој проект си поставил за цел собирање на стара облека и донирање на истата онаму каде е потребна. Акцијата траеше еден ден и во текот на тој ден беа собрани 15 вреќи облека, а акцијата беше и медиумски покриена. Реализаторите на проектот извршија мало истражување за да дознаат каде можат да ја донираат облеката. Собраната облека е донирана во специјални установи каде што истата е навистина неопходна.
Акцијата помина добро, а затоа што била презентирана на локалните телевизии останала запаметена како едно големо дело. Проектот беше оценет со 5.

2. ООЦК Крагуевац

***Гест на хуманост***

ДИСЕМИНАТОР: Марица Радисавлевиќ
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Јевто Стевановиќ, Марица Радисављевиќ, Стефан и Слободанка

Целта на овој успешен проект е да се помогне на социјално најзагрозените лица, бездомниците и питачите. Реализаторите на овој проект извршија и истражување во Центарот за социјална работа и Црвениот Крст, за да дојдат до податоци за бројот на најзагрозените семејства и нивните места за живеење. Помошта за овие лица се

состоеше во тоа што секој добиваше шоља топол чај и мала чаша убав и пријатен разговор. Проектот помина во најдобар ред на големо задоволство на двете страни. Проектот беше оценет со 5.

3. ООЦК Крагуевац

***Дружење со децата од детскиот дом Младост***

ДИСЕМИНАТОР: Марица Радисавлевиќ
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Милена Бакиќ, Ивана Маринковиќ, Ана Ковачевиќ, Марица Радисављеивиќ и Милица Јовановиќ

Дружење со децата од домот,,Младост,, како и нивна анимација е главната цел на овој проект. За децата беше организирано попладневно дружење - прошетка околу аквариумите во Крагуевац, во кое децата преку забава учеа нови работи. Задоволството беше очигледно. За поголем број деца ова беше ново искуство, а за сите учесници овој ден беше убав, поучен, а пред се пријатен. Соработката продолжи понатаму, што на децата од домот навистина многу им значи. Проектот беше оценет со 5+.

4. ООЦК Зајечар

***Оддавање благодарност***

ДИСЕМИНАТОР: Предраг Коциќ
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Милица Коциќ

Целта на овој проект е оддавање благодарност на учениците од средните училишта од Зајачар кои за првпат даруваа крв преку ораганизирање на забава. Оваа журка е организирана од 110 средношколци кои на интересен начин за првпат даруваа крв. Учесниците во оваа крводарителска акција добија благодарници како и забава во најдобриот локал за млади. Проектот беше оценет со 4-.

5. ООЦК Зајечар

***Помош во училиште***

ДИСЕМИНАТОР: Предраг Коциќ
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Катерина Кнежевиќ

Творецот на овој проект , Катарина Кнежевиќ сакала да и помогне на својата другарка да го совлада училишниот материјал и да ја поправи својата оценка. Реализацијата на оваа идеа не беше лесна, но по тешка работа и голем труд, конечно стигнаа резултатите. По еден месец напорно учење и по три обиди, другарката ја доби посакуваната оценка. Нејзината радост е уште поголема затоа што таа знае дека освен посакувана оценка, таа има и супер другарка. Проектот беше оценет со 4-

6. ООЦК Зајечар

***Едукација на основците за учество во квизот- Што знам за Црвениот крст***

ДИСЕМИНАТОР: Предраг Коциќ
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Јелена Ѓорѓевиќ

Јелена Ѓорѓевиќ како своја цел во овој проект го земала подготвувањето на деца од основно училиште за

учествување во квизот ,, Што знаеш за Црвениот Крст, што знаеме за здравјето,,
Таа подготви ученици од петто и шестто одделение, но немаме добиени резултати затоа што проектот е предаден пред натпреварот, но задоволството за добиеното знаење е големо затоа што Јелена нивното знаење го проверувала усно и била задоволна од резулататите. Проектот беше оценет со 3.

7.ООЦК Зајачар

***Како правилно да си ги миеме рацете***

ДИСЕМИНАТОР: Предраг Коциќ
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Јелена Живќ

Реализаторот на овој проект, Јелена Живиќ, имала многу интересна и убава идеја, да ги научи малите ученици од прво одделение како правилно да си ги мијат рацете. Проектот опфати само едно одделение, но и покрај тоа беа оставрени добри резултати. Секој ученик доби книга ,, Болестите кои доагаат од нечисти раце,, , а Јелена е задоволна со остварувањето на проектот, но повеќе со однесувањето и знаењето што го добија децата. Проектот беше оценет со 4.

8. ООЦК Сомбор

***Преку театарски претстави до едукација на млади***

ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Жељко Каприќ, Дунја Цимеша, Александра Гјоргјевиќ, Еуди Ваќ, Николина Мазинјанин,

Проектот се состоеше од изведување на мали театарски претстави преку кои се едуцираат и предупредуваа младите за опасностите од наркоманијата, алкохолизмот и сидата. Претставите ги претставуваа животите на младите луѓе кои имаат проблеми со овие зависности само затоа што не биле доволно едуцирани. Беа прикажани повеќе претстави од кои некои имале среќен крај, а некои завршувале трагично. Целна група се учениците од 12 до 16 години и со овој проект се едуцирани околу 400 ученици, иако овој број не е конечен затоа што проектот продолжува да се реализира.

9. ООЦК Краљево

**Заедно сме појаки**

ДИСЕМИНАТОР:
ЧЛЕНОВИ НА ТИМОТ: Милица Плашиќ

Убавата и хумана цел, социјализација преку едукација на лица со специјални потреби, е проект со многу благородна идеја, која иако е само документирана на хартија носи многу силна порака. Младите од Краљево сакаа да опфатат околу 20 луѓе со пречки во развој со кои би оделе на излети и летувања, но и би работеле едукативни работилници со волонтери на Црвен Крст. За остварување на овој проект покрај волонтерите, финански средства и простор потребно е и ангажирање на стручен кадар. Овој проект беше оценет со 3-

10. ООЦК Стари град-Белград

***Сите за еден- Еден за сите***

ДИСЕМИНАТОР:
ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА: Ивана Патарчиќ, Нина Илиќ, Јелена Стојановиќ, Катерина Чомиќ и Јована Маринковиќ.

Овој проект за своја цел имаше социјализација на 20 деца на возраст од 11 до 15 години, кои се дел од дом за деца без родители.
Информации за овој проблем се земени од Центарот за социјална работа, како и од општи познавања за посетеноста на детските домови.
Реализацијата се одвивала преку повеќе работилници на тема ,, Црвен Крст,, и работата на неговата младина, како и низ разни игри за опуштање. Децата беа многу заинтересирани и задоволни така што соработката е продолжена. Проектот беше оценет со 5++.

11. ООЦК Крагуевац

**Кажипрст у црвени крст**

Цел на овој проект е едукација на деца од петто до осмо одделение за знаењето што го имаат за Црвениот Крст и реализација на натпревар. Доставен е само предлог на натпреварувачкиот дел со точни и прецизирани правила и правила на натпреварување.
Тие би се натпреварувале во следните дисциплини:

а) што знаеш  за Црвен крст-заштита и подобрување на здравјето, животна средина, меѓучовечки односи, општа култура и образование.
б) склопување слика од дадени делови
ц) склопување изрека за хуманост од испревртени реченици
д) погоди го името на мелодијата
е) пантомима
ф) други игри

Ја слушнавте нашата, за некои убава, за некои фантастична, за повеќето невозможна, но за нас возможна. Таа го носи волшебството на хуманоста и ни помага да научиме како да го живееме нашиот живот со исполнување на нашите волшебни соништа  со надеж дека утре светот сепак ќе биде подобро место за живеење.

" Ние можеби не можеме да направиме големи дела, но малите можеме да ги направиме со голема љубов. " **Мајка Тереза**

Пресек на циклусот работилници, преглед на резултати остварени во 2006 /2007 година

- во овој циклус вклучени се точно 34 општински организации, од 25 градови од Македонија
- Воведните часови во самите општински организации ги посетиле вкупно 1189 младинци.
- Од нив вкупно 974 младнци ја поминале целосната обука
- Успеавме да обезбедиме бројка од 77 изработени проекти, преку кои беа инволвирани 291 младинец
- Од нив 83 младинци поминале обука на редовна работилница во Струга и биле директно инволвирани во проекти, додека 208 од нив обуката ја поминале во општинската организација од каде и тие изработиле проекти.
- Изработени се вкупно 77 проекти од кои 10 проекти се оценети со фаза 2, девет од проектите со фаза 3, 24 оценети со 4, додека дури 34 проекти се оценети со горделивата фаза 5 😐.
- КАКО ДО ЦЕЛТА: 11 проекти организирале манифестации (концерти и претставии) за да соберат средства кои ќе им помогнат да ја остварат самата цел. 32 проекти преку собирни акции, 16 преку спонзорства.
- КОЈА Е ЦЕЛТА: 19 проекти за цел имале за цел помош на социјално загрозени лица, 32 проекти- помош на хендикепирани лица, 6 од нив создале подобра животна средина , преку 1 проект помогнале на стари лица, 10 од нив помош при едукација, 4 проекти имаат цел помош на деца без родители , 9 од нив помогнале на болни лица, додека 5 проекти оствариле дружба со најразлични и категории деца.
- Во овогодинешниот циклус на ЦКА ПХВ вклучени се вкупно 40 дисемнатори, а 10 од нив присуствувале на финалната работилница.